# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**30.04.2007**<br>**БРОЈ 6 ГОДИНА 42** | |


# С О Д Р Ж И Н А


1. Одлука за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид по годишната сметка за 2006 година 2
2. Одлука за давање согласност на Одлуката од Управниот Одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид за продолжување на рокот за задолжување со рамковен револвинг кредит и зголемување на висината на кредитот 3
3. Заклучок 4

4. Одлука за давање согласност на Одлуката од Управниот Одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид за обезбедување гаранција за одложено плаќање на даночен долг 4
5. Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2006 година на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ Охрид 5
6. Одлука за членови во Надзорниот Одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ Охрид 6
7. Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место за дел од туристички комплекс локалитет Горица Општина Охрид 2007 - 2017 6
8. Одлука за усвојување на Извештајот за енергетско искористување на водоснабдителните системи „Белица“ и „Рамне“ 8
9. Одлука за давање согласност на Одлуката од Управниот Одбор на МЈП „Проаква“ Струга за реализација на проектите за енергетско искористување на водоснабдителните системи „Г.Белички Извори“ Струга и „Летнички Извори“ Охрид 9
10. Одлука за усвојување на Извештајот за активностите на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот за 2006 година 9
11. Одлука за усвојување на Програмата за работа во 2007 година на Општинскиот совет за безбедност на патиштата 10
12. Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за инвестиции и одржување на Одделението за комунален развој и сообраќај од 01.01.2006г. до 31.12.2006г. 11
13. Заклучок 11

14. Предлог програма за измени и дополнувања на Програмата за инвестиции и одржување на општина Охрид за 2007 година 12
15. Заклучок 14

16. Одлука за усвојување на Извештајот од внатрешниот ревизор за периодот од 01.03.2006г. до 01.03.2007 година 15

17. Одлука за усвојување на Извештајот за работа на Територијалната противпожарна единица Охрид за 2006 година 15
18. Одлука за измени и дополнување на Одлуката за организација на општинската администрација на општина Охрид 16
19. Одлука за користење услуги од Т-мобиле 18

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД ПО ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид по Годишната сметка за 2006 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/3**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД ПО ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год.**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид по Годишната сметка за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид по Годишната сметка за 2006 година бр.03-244/1 од 05.02.2007 година, Мислењето од Надзорниот Одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид бр.02-207/2 од 26.02.2007 година, Извештај од Надзорниот Одбор бр.02-207/3 од 28.02.2007 година, Известување од менаџерскиот тим на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид бр.02-207/5 од 28.02.2007 година и Одлука од Управниот Одбор бр.02-225/3 од 28.02.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-795/3**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ СО РАМКОВЕН РЕВОЛВИНГ КРЕДИТ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КРЕДИТОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката од Управниот Одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид за продолжување на рокот за задолжување со рамковен револвинг кредит и зголемување на висината на кредитот**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/4**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ СО РАМКОВЕН РЕВОЛВИНГ КРЕДИТ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КРЕДИТОТ**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката од Управниот Одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид за продолжување на рокот за задолжување со рамковен револвинг кредит и зголемување на висината на кредитот.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката од Управниот Одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид за продолжување на рокот за задолжување со рамковен револвинг кредит и зголемување на висината на кредитот бр.02-370/3 од 11.04.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-795/4**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 42 и 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжува ВД Директорот на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид при потпишувањето на Договорот за одобрување на рамковен револвинг кредит, рокот за задолжување да биде до 30.09.2009 година.

**Број 07-795/4-1**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ГАРАНЦИЈА ЗА ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОЧЕН ДОЛГ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката од Управниот Одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид за обезбедување гаранција за одложено плаќање на даночен долг**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/5**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ГАРАНЦИЈА ЗА ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОЧЕН ДОЛГ**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката од Управниот Одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид за обезбедување гаранција за одложено плаќање на даночен долг.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката од Управниот Одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид за обезбедување гаранција за одложено плаќање на даночен долг бр.02-370/4 од 11.04.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-795/5**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.04.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2006 год. НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ ОХРИД**

**Член 1**
Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2006 година на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“.

**Член 2**
Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за годишната сметка за 2006 година бр.01-32 од 26.02.2007 година.

**Член 3**
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-795/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.04.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување на членови во Надзорниот Одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.04.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 54 од Законот за установите („Сл.весник на РМ“ бр.32/05) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ ОХРИД**

**Член 1**

За членови во Надзорниот Одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ Охрид Охрид **се именуваат:**

1. Кирица Николоска
2. Ристо Србиноски
3. Сузана Баткоска
4. Славица Костоска
5. Мики Милески

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-795/7**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ДЕЛ ОД ТУРИСТИЧКИ КОМПЛЕКС ЛОКАЛИТЕТ ГОРИЦА ОПШТИНА ОХРИД 2007-2017**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување на Урбанистички план вон населено место за дел од Туристички комплекс локалитет Горица општина Охрид 2007-2017**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/8**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 13, 22, 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.51/05) и врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 6/03), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 26.04.2007 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ДЕЛ ОД ТУРИСТИЧКИ КОМПЛЕКС ЛОКАЛИТЕТ ГОРИЦА ОПШТИНА ОХРИД 2007-2017**

**Член 1**

Се донесува Урбанистички план вон населено место за дел од туристичкиот комплекс Горица општина Охрид 2007-2017.

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа простор со површина од 15,63 Ха.

Границата на планскиот опфат источно оди осовински по магистралната улица која е паралелна на регионалниот пат Р-501, која што ги поврзува Горица 1 и Горица 3; јужната граница е осовината на магистралната сообраќајница која оди по пристапната улица која води до х.„Инекс Горица" и до новиот хотелски комплекс; западната граница е Охридското Езеро; а северната граница е права линија над х.„Инекс Горица".

Пристапот до локацијата ќе биде по постојната сообраќајница, само сообрачајно решен во склад со прописите за безбедност во сообраќајот.

**Член 3**

Урбанистичкиот план вон населеното место за дел од туристичкиот комплекс локалитет Горица општина Охрид 2007-2017 со технички бр. 01/07 изработен од „УРБАН" ДОО ОХРИД содржи:

**Планиран развој**

Текстуален дел

- просторен концепт, намена на површина, билансни показатели, сообраќајно решение, електроенергетски инсталации и осветлување, хидротехничка инфраструктура, мерки за заштита на животната средина и параметри за уредување на просторот;

Графички прилози

- планиран развој синтезен приказ 1: 1000;
- планиран развој синтезен приказ - инфраструктура 1: 1000

**Документациона основа**

Текстуален дел - цел, значење и метод на изработка на планот, хронологија на планирање на просторот, анализа на постојната состојба (местопложба, природни карактеристики, население, градежен фонд, инфраструктурни системи) и можности за развој.

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на Планот, изготвен според Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.51/2005).

**Член 4**

Урбанистичкиот план вон населеното место за дел од туристичкиот комплекс локалитет Горица општина Охрид 2007-2017, се заверува со потпис и печат на Претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Документацијата од постапката за донесување на Урбанистичкиот план вон населено место за дел од туристичкиот комплекс, локалитет Горица општина Охрид 2007-2017, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунален развој.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на општина Охрид".

**Број 07-795/8**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИТЕ СИСТЕМИ „БЕЛИЦА" И „РАМНЕ"**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Извештајот за енергетско искористување на водоснабдителните системи „Белица“ и „Рамне“**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/9**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИТЕ СИСТЕМИ „БЕЛИЦА“ И „РАМНЕ“

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за енергетско искористување на водоснабдителните системи „Белица“ и „Рамне“.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за енергетско искористување на водоснабдителните системи „Белица“ и „Рамне“ и Заклучоците од Управниот Одбор на МЈП „Проаква“ бр.03-670/3 и бр.03-670/4 од 13.04.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-795/9**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИТЕ СИСТЕМИ „Г.БЕЛИЧКИ ИЗВОРИ“ СТРУГА И „ЛЕТНИЧКИ ИЗВОРИ“ ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот Одбор на МЈП „Проаква“ Струга за реализација на проектите за енергетско искористување на водоснабдителните системи „Г.Белички извори“ Струга и „Летнички извори“ Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/10**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИТЕ СИСТЕМИ „Г.БЕЛИЧКИ ИЗВОРИ“ СТРУГА И „ЛЕТНИЧКИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката од Управниот Одбор на МЈП „Проаква“ Струга за реализација на проектите за енергетско искористување на водоснабдителните системи „Г.Белички извори“ Струга и „Летнички извори“ Охрид.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката на Управниот Одбор бр.03-670/2 од 13.04.2007 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-795/10** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.04.2007 год.** — **Претседател**
**О х р и д** — **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ ЗА 2006 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за активностите на општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот за 2006 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/11** — **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.04.2007 год.** — **Градоначалник**
**О х р и д** — **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ ЗА 2006 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за активностите на општинскиот Совет за бесбедност на сообраќајот за 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за активностите на општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот за 2006 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-795/11**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО 2007 година НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА-ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за работа во 2007 година на општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата - Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/12**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО 2007 година НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА - ОХРИД**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за работа во 2007 година на општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата - Охрид.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-795/12**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ И СООБРАЌАЈ ОД 01.01.2006 година ДО 31.12.2006 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за инвестиции и одржување на Одделението за комунален развој и сообраќај од

01.01.2006 година до 31.12.2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/12**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ И СООБРАЌАЈ ОД 01.01.2006 година ДО 31.12.2006 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за инвестиции и одржување на Одделението за комунален развој и сообраќај од 01.01.2006 година до 31.12.2006 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-795/13**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/13-1**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 42 и 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжува општинската администрација во Извештајот за реализација на Програмата за инвестиции о одржување на општина Охрид за 2007 година, да го прикаже процентот на извршување на Програмата по фази.

Се задолжуваат стручните служби на општинската администрација во рок од 60 дена, сметано од донесувањето на Заклучокот да ги довршат започнатите активности на колекторскиот систем во с.Подмолје.

**Број 07-795/13-1**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2007 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Програмата за измени и дополнувања на Програмата за инвестиции и одржување на општина Охрид за 2007 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/14**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2007 година**

1. Од Програмата **ЈА** потпрограма **инвестирање во мрежи за јавно осветлување**, износот во ставката осветлување на улица „Марко Цепенков“ се намалува за 800.000,00 денари и истиот изнесува 300.000,00 денари.

Вкупните средства кои се намалуваат во Програмата **ЈА** изнесуваат 800.000,00 денари.

2. Од Програмата **ЈD** потпрограма **асвалтирање** се намалуваат следните ставки:

- износот во ставката асвалтирање на улица „Махмут Рифат“ се намалува за 400.000,00 денари и истиот изнесува 500.000,00 денари.
- износот во ставката асвалтирање на краци на улица „Радојца Новичиќ“ се намалува за 761.900,00 денари и истиот изнесува 2.113.100,00 денари.
- износот во ставката асвалтирање на крак на улица „Крали Марко“ во износ од 570.000,00 денари целосно се брише.
- износот во ставката проширување на улица „Васил Стефоски“ се намалува за 200.000,00 денари и истиот изнесува 500.000,00 денари.
- износот во ставката асвалтирање на улица „Стив Наумов“ према ЕМО се намалува за 404.000,00 денари и истиот изнесува 1.000.000,00 денари.
- износот во ставката асвалтирање на крак на улица „Абас Емин“ во износ од 400.000,00 денари целосно се брише.
- износот во ставката асвалтирање на крак на улица „Туристичка“ во износ од 310.000,00 денари целосно се брише.
- износот во ставката асвалтирање на краци на улица „Момчило Јорданоски“ се намалува за 500.000,00 денари и истиот изнесува 628.000,00 денари.
- износот во ставката асвалтирање на краци на улица „Ристо Чадо“ во износ од 470.000,00 денари целосно се брише.
- износот во ставката асвалтирање на краци во с.Лескоец се намалува за 850.000,00 денари и истиот изнесува 2.000.000,00 денари.
- износот во ставката асвалтирање на улици во с.Косел се намалува за 500.000,00 денари и истиот изнесува 450.000,00 денари.
- износот во ставката асвалтирање на пат во нас.Рача према Езеро во износ од 855.000,00 денари целосно се брише.
- износот во ставката асвалтирање на улица „Васил Стефоски“ се намалува за 350.000,00 денари и истиот изнесува 300.000,00 денари.

3. Од Програмата **JD** потпрограма **тампонирање** се намалуваат следните ставки:

- износот во ставката тампонирање на пат од Лескоец до село Велгошти се намалува за 300.000,00 денари и изнесува 700.000,00 денари.
- износот во ставката проширување на пат за село Скребатно се намалува за 300.000,00 денари и изнесува 1.000.000,00 денари.

Вкупниот износ на намалените средства од програмата изнесува **7.170.900,00 денари**.

4. Од Програмата **JD** потпрограма **поплочување на тротоари и улици** се намалуваат следните ставки:

- износот во ставката поплочување на улица „Мите Богоески“ во износ од 400.000,00 денари се брише.
- износот во ставката поплочување на улица „Живко Чинго“ се намалува за 630.000,00 денари и изнесува 2.000.000,00 денари.
- износот во ставката асвалтирање на тротоари на улица „Туристичка“ и „15/ти Корпус“ во износ од 9.500.000,00 денари целосно се брише.
- износот во ставката поплочување на тротоари на улица „Железничка“ се намалува за 500.000,00 денари и изнесува 1.800.000,00 денари.
- износот во ставката поплочување на пешачка патека од Б.Извори до нас.Рача во износ од 1.500.000,00 денари целосно се брише.
- износот во ставката поплочување од улица „15/ти Корпус“ до влез во село Велгошти се намалува за 240.000,00 денари и изнесува 1.500.000,00 денари.

Вкупниот износ на намалените средства од програмата **JD** изнесува **12.770.000,00 денари**.

5. Од Програмата **Ј6** одржување и заштита на локални патишта, улици и режим на сообраќај износот од 6.050.000,00 денари се намалува за 1.351.200,00 денари и изнесува 4.698.800,00 денари.

Вкупно намалени средства од сите програми изнесуваат **22.092.100,00 денари**.

Намалените средства во наведениот износ се пренаменуваат за следните активности по програми и ставки:

2.1 Во програмата **ЈА изградба на мрежа за јавно осветлување** во потпрограмата инвестирање на мрежи за јавно осветлување се додава нова ставка

- дополнително осветлување на Булевар Туристичка во износ од 2.751.100,00 денари.

2.2 Во програмата **JD изградба и реконструкција на локални патишта** се додаваат следните ставки:

- изградба на паркинг за возила на кп.бр.6852 (Горица 3) во износ од 2.205.000,00 денари.
- проширување и асвалтирање на пристапниот пат од тениското игралиште према Горица 3 во износ 3.186.000,00 денари.
- изградба на жардинери на Булевар Туристичка се бехатон елементи во износ од 4.200.000,00 денари.
- реконструкција со крпење на ударни дупки, гребење и асвалтирање на Булевар Туристичка во износ од 1.750.000,00 денари.

2.3 Во програмата **Ј4 јавна чистота** се зголемува износот во ставката Други оперативни расходи за износ од 8.000.000,00 денари и тоа за следните активности:

- чистење на диви депонии 400.000,00 денари.
- хортикултурно уредување на клучка на влез во Охрид на износ од 1.500.000,00 денари.
- хортикултурно уредување на Булевар Туристичка на износ од 2.500.000,00 денари.
- хортикултурно уредување на средишен појас на пат Билјанини извори - Св.Стефан на износ од 3.600.000,00 денари.

| | |
|---|---|
| **Број 07-795/14** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД** |
| **26.04.2007 год.** | **Претседател** |
| **О х р и д** | **Владо Чингоски, с.р.** |

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот**,** што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/14-1** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.04.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 42 и 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжува Градоначалникот и општинската администрација да стапат во контакт со релевантни институции на државата, за да се направи Договор за извршените работи предвидени во Програмата за измени и дополнувања на Програмата за инвестиции и одржување на општина Охрид за 2007 година, финансиските средства да ги обезбеди државата, а Локалната самоуправа да се јави само како извршител на потребните активности.

Се задолжува општинската администрација најкасно до 15.07.2007 година да изготви Извештај за реализација на Програмата за измени и дополнувања на Програмата за инвестиции и одржување на општина Охрид за 2007 година, во кој по позиции ќе бидат прикажани потрошениет средства, односно ќе биде прикажано со колку средства учествувала државата, а со колку Локалната самоуправа.

**Број 07-795/14-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.04.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД ВНАТРЕШНИОТ РЕВИЗОР ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.03.2006 година ДО 01.03.2007 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот од Внатрешниот ревизор за периодот од 01.03.2006 година до 01.03.2007 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/15** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.04.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД ВНАТРЕШНИОТ РЕВИЗОР ЗА ПЕРИОДОТ ОД**
**ОД 01.03.2006 година ДО 01.03.2007 година**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот од Внатрешниот ревизор за периодот од 01.03.2006 година до 01.03.2007 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-795/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.04.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ОХРИД ЗА 2006 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на Територијалната противпожарна единица Охрид за 2006 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/16** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.04.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ОХРИД ЗА 2006 година**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за работа на Територијалната противпожарна единица Охрид за 2006 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-795/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.04.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за организација на општинската администрација на општина Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/17** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.04.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 57 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за организација на општинската администрација на општина Охрид бр.07-829/3 од 30.06.2005 година и бр.07-852/2 од 27.04.2006 година („Сл.Гласник на општина Охрид“ бр.6/05 и бр.4/06).

**Член 2**

Во член 9 „двете точки“ после зборот „сектори“ се заменуваат со „запирка“ и се додаваат зборовите „одделенија и Територијална противпожарна единица“ и после зборот „инспекторат“ се додава точка „5-Одделение за внатрешна ревизија и 6-Територијална противпожарна единица“.

**Член 3**

Во член 11 точка „5-Одделение за противпожарна заштита“ се брише.

**Член 4**

Членот 15-а се брише.

**Член 5**

По член 23-а се додава нов член 23-б кој гласи:

**Член 23-б**

Одделението за внатрешна ревизија ги врши следните работи:

- врши внатрешна ревизија, согласно со закон и со системот и процедурите за внатрешна ревизија;
- подготвува план за внатрешна ревизија и по одобрување од Градоначалникот, го обезбедува неговото спроведување и следење;
- доставува извештаи за извршена внатрешна ревизија до Градоначалникот и Советот на општината;
- подготвува квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија;
- врши оценување на значајните фактори на ризик и дава совети на Градоначалникот за нивно намалување;

- врз основа на анализи од работењето, ја утврдува и оценува, економичноста, ефикасноста и ефективноста од работењето на системите за финансиско управување и контрола;
- ја следи и проверува точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;
- ја утврдува и оценува усогласеноста на работењето со законите, подзаконските и актите на општината.

и член 23-в кој гласи:

**Член 23-в**

Територијалната противпожарна единица ги врши следните работи:
- гаснење на пожари на подрачјето на општината;
- отстранување на непосредна опасност за настанување на пожар;
- спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии;
- укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
- извршување на други работи при несреќи и непогоди;
- заедно со територијалните противпожарни единици на општините во РМ утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на РМ заради оперативно делување при гаснење на големи пожари на целата територија на Државата;
- давање помош кога тоа е побарано при гаснење на пожари, експлозии и интервенции според единствена методологија;
- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага ТПЕ;
- давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со МВР;
- едукација на граѓаните за заштита од пожари;
- врши и други работи што ќе и бидат доверени.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“, а ќе се применува по добивањето согласност од Агенцијата за државни службеници..

**Број 07-795/17**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА КОРИСТЕЊЕ УСЛУГИ ОД Т - МОБИЛЕ

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за користење услуги од Т-мобиле**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година.

**Број 08-795/18**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 и 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.04.2007 година, донесе

# О Д Л У К А
## ЗА КОРИСТЕЊЕ УСЛУГИ ОД Т - МОБИЛЕ

**Член 1**

За потребите на Советот на општина Охрид да се склучи договор со Т-Мобиле за користење услуги од мобилна телефонија.

**Член 2**

За користење на мобилните телефони на советниците им се признаваат месечни трошоци во износ од 2.000,00 денари.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот да го потпише Договорот за користење на услуги од мобилна телефонија со Т-Мобиле.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-795/18**
**26.04.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**